Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02), член 91 став 11 и член 92-а од Законот за средното образование(Службен весник на РМ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 , 4/11 и 13/14), градоначалникот на Општина Штип донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА
## СОУ ГИМНАЗИЈА „СЛАВЧО СТОЈМЕНСКИ " ШТИП

1. За директор на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски" – Штип **се избира Ристо Петковски,** досегашен директор на училиштето.
2. Директорот **Ристо Петковски** се избира врз основа на предлогот на Училишниот одбор на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски" Штип број 02-876/3 од 26.11.2015 година.
3. Директорот Ристо Петковски ќе ја врши функцијата директор сметано од 24.01.2016 година
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

## О б р а з л о ж е н и е

Со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) е утврдено дека градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Согласно член 91 став 11 од Законот за средното образование(Службен весник на РМ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15) директорот на општинско средно училиште се избира и разрешува од градоначалникот на општината, согласно со овој закон.

Училишниот одбор на СОУ „Гимназија Славчо Стојменски" до градоначалникот на Општина Штип поднесе предлог на кандидат за избор на директор број 02-824/3 од 06.11.2015 година со кој го предлага Ристо Петковски за директор. По овој предлог градоначалникот не изврши избор на директор на средното училиште, за што го извести училишниот одбор со известување број 09-7333/4 од 23.11.2015 година.

Градоначалникот на Општина Штип до Министерството за образование и наука поднесе барање мислење број 09-9782/1 од 25.11.2015 година за важењето на одредбата од член 91 став 10 од Законот за средното образование.

Согласно член 92-а став 14 од горенаведениот закон, Училишниот одбор до градоначалникот повторно достави предлог број 02-876/3 од 26.11.2015 година со кој за директор на гимназијата повторно се предлага Ристо Петковски.

Врз основа на предлогот на Училишниот одбор на СОУ Гимназија„ Славчо Стојменски" Штип број 02-876/3 од 26.11.2015 година и одговорот на барањето доставено од Министерството за образование и наука број 09-978/2 од 16.12.2015 година се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-7333/7
24.12.2015 година

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев

м.к.